


# ДЕКЛАРАЦИЈА

## ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ПРЕКАРНАТА РАБОТА И НЕСИГУРНИОТ РАБОТЕН ОДНОС

**31 мај 2026 година, Скопје**

Прекарната работа во Северна Македонија претставува длабоко вкоренет структурен проблем, кој е резултат на долгогодишен политичко – економски модел заснован врз евтина работна сила, ниска продуктивност и недоволна заштита на трудот и искористување на времените вработувања како алатка за остварување на политички интерес.

Наместо развој што создава сигурни и квалитетни работни места, во изминатите децении се развиваа форми на работа што носат несигурност, нестабилни приходи и ограничен пристап до социјални права.

Денес, прекарната работа е присутна во речиси сите сектори – индустријата, трговијата, услугите, градежништвото, платформската економија, па дури и во јавниот сектор. Голем број работници се вработени преку договори на определено време, договори на дело, агенциско вработување, проектни ангажмани или други нестандардни форми на работа, без реална сигурност и перспектива за стабилен професионален развој.

НСДП ја препознава прекарната работа како отстапување од стандардниот и достоинствен работен однос. Таа се манифестира преку несигурност на работното место, ниски и нестабилни приходи, ограничен пристап до пензиско и здравствено осигурување, слаба заштита на работничките права и постојан страв од губење на работата.

Во македонски услови, прекарноста не е само прашање на видот на договорот. Таа претставува поширок социјален и економски проблем што ја намалува вредноста на трудот, ја поткопува средната класа и го забрзува иселувањето на младите и квалификуваните работници.

Особено погодени се младите, жените, сезонските работници, работниците во текстилната индустрија, трговијата, угостителството и новите дигитални платформи. Наместо сигурна иднина, тие се соочуваат со нестабилност, ограничени можности за напредок и зависност од краткорочни работни ангажмани.

НСДП смета дека оваа состојба не е неизбежна последица на модерната економија, туку резултат на политички и економски избори. Затоа, борбата против прекарната работа претставува борба за достоинствен труд, социјална правда и развој на општество во кое човекот е поважен од профитот.

Високото ниво на прекарна работа е резултат на повеќе долгорочни структурни слабости. Пред сè, во државата недостасува јасна и долгорочна економска стратегија насочена кон создавање продуктивни и добро платени работни места.

Наместо инвестиции во иновации, технологии и развој на човечки капитал, економскиот модел долго време се потпираше на ниска цена на трудот како главна конкурентска предност.

Дополнително, постои широка злоупотреба на законските можности за вработување на определено време. Привремените договори често се продолжуваат со години, без трансформација во редовен работен однос, со што несигурноста станува трајна состојба за голем број работници.

Сè почеста е и употребата на договори надвор од редовен работен однос, особено договори на дело, хонорарни ангажмани и аутсорсинг модели, дури и за работи што по својата природа претставуваат редовна и континуирана работа.

Проблем претставува и слабиот инспекциски надзор. Недоволниот број инспектори, ограничените ресурси и неефикасната примена на законите овозможуваат системски злоупотреби и неказнивост.

Во исто време, работната сила е фрагментирана и недоволно организирана. Стравот од отказ, ниската синдикална организираност и слабата колективна заштита ја намалуваат можноста работниците ефикасно да ги заштитат своите права.

Растот на платформската и неформалната економија создава дополнителни форми на несигурна работа, особено кај младите. Во овие сектори, работниците често работат без јасно дефинирани права, без социјална сигурност и без институционална заштита.

Дополнително и јавниот сектор придонесува кон прекарноста преку долгорочни проектни ангажмани, договори на дело, замени и аутсорсинг практики, наместо создавање стабилни и достоинствени работни места.

Зголемување на квалитетот на работата, сигурноста на работните места и достоинството на трудот се составен дел од економскиот развој и социјалната правда.

Како да се реши проблемот со прекарната работа од аспект на социјалдемократијата во Северна Македонија ?

Како да стигнеме до зголемување на квалитетот на работата, сигурноста на работните места и достоинството на трудот, како составен дел од економскиот развој и социјалната правда?

Политиката на НСДП се темели на јасен социјалдемократски пристап: Трудот не смее да биде извор на несигурност, туку основа на достоинствен живот.

Прекарната работа не е само прашање на пазарот на труд, туку длабок социјален и економски проблем што влијае врз целокупниот развој на државата.

Несигурните работни услови ја намалуваат продуктивноста, ја ограничуваат подготвеноста за усовршување, ја зголемуваат социјалната нееднаквост и го забрзуваат иселувањето на младите и квалификуваните работници.

Овој проблем не може да се решава парцијално и изолирано.

Затоа, потребен е систем на реформи што ќе обезбеди сигурни работни односи, силна социјална заштита и фер баланс помеѓу трудот и капиталот.

Пристапот на НСДП е насочен кон заштита на работниците, заснован на партнерство со синдикатите, поддржан со конкретни и применливи мерки во јавниот и приватниот сектор.

Со цел намалување на прекарната работа и создавање сигурни и достоинствени работни места согласно член 35 од Статутот, НСДП на Седмиот Конгрес донесува:

# ДЕКЛАРАЦИЈА

## ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ПРЕКАРНАТА РАБОТА И НЕСИГУРНИОТ РАБОТЕН ОДНОС

**1.Ограничување и спречување на злоупотребата на времените договори!**

Потребна е построга законска рамка што ќе спречи злоупотреба на договорите на определено време, нивното повеќекратно продолжување и користење договори на дело за работи што имаат карактер на редовен работен однос. Неопходни се пократки рокови за трансформација на времените договори во договори на неопределено време, особено кај младите при нивниот влез на пазарот на труд.

**2.Почитување на универзалните работнички права!**

Секој работник, без разлика на формата на ангажман, мора да има загарантирани основни работнички права. Сите работни односи што претставуваат зависен труд треба да бидат регулирани со договор за вработување, со право на минимална плата, боледување, годишен одмор, породилно и родителско отсуство и еднаква правна заштита.

**3.Социјална сигурност и преносливост на правата!**

Социјалните права не смеат да зависат од видот на договорот. НСДП се залага за целосен пристап до пензиско и здравствено осигурување, право на надоместок при невработеност и преносливост на социјалните права при промена на работниот статус или прекини во работниот однос.

**4.Посебна заштита за платформските, сезонските и хонорарните работници!**

Платформската работа мора јасно да се регулира преку утврдување на одговорноста на платформите како работодавачи, целосна транспарентност на алгоритмите и засилени инспекциски контроли во секторите како достава и превоз. Потребно е воспоставување одржливи модели за трансформација на сезонската работа во континуирани и сигурни работни односи.

**5.Зајакнување на трудовата инспекција и спроведувањето на законите!**

Без ефикасна контрола, законите остануваат само формалност. Затоа е неопходно зголемување на бројот на трудови инспектори, подобрување на нивните ресурси и обуки, дигитализација на инспекциските постапки и засилени контроли во ризичните сектори. Работодавачите што ги прекршуваат работничките права мора да сносат сериозни последици.

**6.Јакнење на синдикалното организирање и колективното преговарање!**

Силни работници, значи организирани работници. НСДП се залага за поголема заштита на синдикалните права не само на постојано вработените, туку и времено вработените, развој на грански колективни договори и активно вклучување на синдикатите во креирањето на економските и трудовите политики.

**7.Признавање на работниот стаж кај приправниците, стажантите и јасно регулирање на студентската работа!**

Потребно е признавање на работниот стаж кај приправниците, стажантите и други законски форми на стажирање заради полагање државни испити во професијата и јасно да се дефинира студентската работа со цел да се спречи создавање нови генерации прекарни работници и да се обезбеди континуитет на социјалните права уште од почетокот на работниот ангажман.

**8.Сигурен договор за вработување како доминантен модел!**

НСДП се стреми кон еден доминантен и сигурен договор за вработување, со постепено ограничување на алтернативните форми што ги исклучуваат работниците од системот на работно-правна и социјална заштита.

**9.Крај на прекарната работа во јавниот сектор!**

Мора да се стави крај на практиките на прекарна работа во јавниот сектор преку злоупотреба на договори на дело, ангажирање на вработени преку приватни агенции за вработување, вработувања на определено време, проектни ангажмани и други форми за времено вработување. Државата мора да биде пример за сигурно и достоинствено вработување.

**10.Достоинствена работа и сигурна иднина за секој работник!**

НСДП верува дека економскиот развој мора да се темели на стабилни работни односи, сигурни работни места и целосна заштита на достоинството и правата на работниците.

*

*  *

**За НСДП „И трудот е капитал“!**

**Работниците на прво место!**

**НСДП верува дека трудот не е трошок, туку капитал!**

**Достоинството на работникот е темел на праведно, демократско и развиено општество!**

**Намалувањето на прекарната работа е обврска на државата!**

**Економскиот развој има смисла само тогаш кога создава:**

**сигурност, достоинство и подобар живот за сите граѓани!**